РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-3948/1
29.10.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

- РА и ТВ сервисите на Јавниот радиодифузен сервис;

- РА и ТВ сервисите на државно ниво;

- ТВ Коха; ТВ Топестрада; Г-ТВ;

- РА Блета; РА Кисс; РА Плус Форте; РА 7; РА Ред ФМ

За: Директорите и одговорните уредници

Предмет: Потсетување за изборниот молк во вториот круг од Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница

Почитувани,

На 30 октомври 2026 година, на полноќ, завршува изборната кампања за вториот круг од Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница. Изборниот молк ќе трае на 31 октомври и на 1 ноември 2026 година до 19 часот, односно до затворањето на гласачките места.

Ве потсетуваме дека за време на изборниот молк се известува за изборите и текот на гласањето, но престануваат сите облици на изборно медиумско претставување. Според Изборниот законик, за прекршување на изборниот молк се смета: емитување на какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои се открива идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето; како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

Ви укажуваме навреме да ја прилагодите својата програма, имајќи предвид дека согласно Изборниот законик Агенцијата е должна за констатираните прекршувања да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против радиодифузерот што ги повредил одредбите.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје